# П Р Е П О Р А К А

ЗА
ХРИСТИНА НУНЕСКА
ученик во СОЕПТУ„Кузман јосифоски – Питу“ - Прилеп

Почитувани,

Со огромно задоволство ја пишувам препораката за Христина Нунеска, долгогодишна ученичка во мојот одбојкарски клуб „Феникс“.

Како нејзин тренер можам со чиста совест да кажам сé најдобро за нејзе како ученик, спортист и млад човек. Таа е млада личност, исклучително интелигентна, трудољубива, амбициозна и исполнителна до максимум.

Имајќи ги во предвид другите ученици на нејзина возраст за Христина можам слободно да кажам дека се издвојува со извршувањето на работните задачи при што покажува темелност, сериозност, упорност и креативност.

Како дел од клубот многу лесно воспоставува успешна комуникација со другите членови при што се издвојува со својата толеранција, разбирање и над сé способност за лидерство. За нејзе нема не можам, секоја новост е предизвик со која без страв се соочува за на крај сé навреме, целосно и правилно да ги заврши своите обврски.

Како нејзин долгогодишен тренер можам само да кажам дека Христина Нунеска е ученик каков секој професор или тренер би посакал во својот тим.

Искрено се надевам дека ќе и биде дадена можност да ги покаже сите свои квалитети и да ја оправда довербата која ќе и биде дадена од Ваша страна.

Тренер
проф. Бојан Ристески